РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-834/2
21-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2487/1 од 12.09.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности во постапка за добивање на социјален стан во државна сопственост, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавените наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување.

Пријава да се достави на надлежно постапување до Министерство за транспорт и врски - Комисијата за распределба на социјални станови.

Предметот со број 12-2487/1 од 12.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 12.09.2025 година, до ДКСК доставена е пријава од непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во постапка за добивање на социјален стан во државна сопственост.
Имено, во пријавата подносителот наведува дека живеел во една соба која не ги исполнува ниту минималните основни услови за живеење, заедно со три ќерки кои се без приходи. Исто така, се наведува и дека на ден 06.02.2023 година, подносителот до Министерството за труд и социјални работи поднел барање за социјален стан со потребната документација,

за што не добил повратен одговор, а на 05.06.2025 година се обратил и до Владата на Република Северна Македонија.

ДКСК ја разгледа пријавата и приложената документација, при што констатира дека пријавените наводи се однесуваат на повреда на индивидулно право на подносителот по однос на недобивање на социјален стан, односно на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување. Дополнително, во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Министерството за транспорт и врски - Комисија за распределба на социјалните станови, која врши распределба на социјалните станови, согласно член 12 од Одлуката за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија, донесена од Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 февруари 2022 година, а која е објавена во „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 37/22, како и согласно Методологијата за бодирање на кандидати за добивање социјален стан под закуп, како составен дел на Одлуката, која како прилог е објавена во „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 38/22.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК